## Авторите

**Луис Аморим** моментално ја координира иницијативата за филантропија во заедницата на центарот за Европска фондација во Брисел. Претходно работел како повисок проект менаџер за структурата на оперативната поддршка на Европскиот волонтерски сервис. Исто така работел како референт на проект за образование и мобилност за Европскиот младински форум и како национален директор за интеркултура – АФС Португалија. Обожава да ги врши активностите за тренинг затоа што го одржуваат во контакт со група на луѓе која ги става традиционалните претпоставки под знак прашање и не се плаши да биде идеалист. amorium@freegates.be

**Симона Костанцо** била фасцинирана од интеркултурните прашања уште од рана возраст. Таа учествувала во голем број на организирани проекти на волонтерскиот сервис во различни земји и беше претставник на Алијансата на организациите на Европскиот волонтерски сервис во Европскиот младински форум. За време на нејзиниот академски живот ја напиша докторската теза на тема “Социјална географија за ефектите од неодамнешното емигрирање од Северна Африка во Европската Унија”. Моментално е директор на, Координативниот комитет на меѓународниот волонтерски сервис (CCIVS), НВО базирана во штабовите на УНЕСКО во Париз.
simonakostanzo@yahoo.it

**Тони Геуденс** *е еден од оние “професионални волонтери”. Тој има поминато голем дел од своето слободно време во Меѓународниот граѓански сервис (SCI), одел и во меѓународни кампови (поранешна Југославија, Шри Ланка и Јапонија) и ги подготвувал волонтерите за нив. Неговиот интерес за други култури се наметнал и на неговиот професионален живот, работејќи како тренер во Европскиот младински центар, Стразбург, на теми како што се Меѓународен менаџмент на проекти, Интер-културно учење и Транснационален волонтерски сервис. Неодамна Тони се врати во Брисел каде продолжува да го истражува менаџментот на обука и настани.*
Tony@Geudens.com

**Питер Хофман** *беше вклучен во АФС интеркултурните програми во Австрија седум години откако една година помина како студент за размена во Англија. Студираше историја и политички науки во Виена. Беше одговорен за програмата на Европскиот волонтерски сервис во Австриската национална агенција за млади за Европа од 1996 до 1999. Откако учествуваше на првиот долгорочен тренинг курс за тренери финансиран од МЛАДИНСКАТА програма во 1999/2000 тој сега се фокусира на тренинг на Европско ниво со посебен акцент на програмите на меѓународниот волонтерски сервис. Од Јули 2001 работи како независен тренер во Виена.*
Peho@a1.net

**Луба Павловова** живее во Словачка но има бугарско потекло. Таа е независен тренер специјализиран за работа со млади во централна и источна Европа, особено во полето на стручниот тренинг и неформалното образование. Еден од многуте примери на нејзините проекти е неодамнешниот проект за зближување на градовите во врска со прашањата за животната средина.
lubica.pavlovova@mail.shmu.sk